# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-544/29
28.4.2026 година
Скопје

## ЗАПИСНИК
**за резултатите од спроведеното гласање на единиците за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година**

По добивањето на резултатите од спроведеното гласање на единиците за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година од страна на Изборните комисии на единиците, Универзитетската изборна комисија изврши нивна проверка и сумирање на резултатите од гласањето на единиците во состав на Универзитетот.

На 28.4.2026 година од 12:00 до 14:00 часот се спроведе тајно гласање, со гласачки ливчиња, со заокружување на редниот број на само еден кандидат за ректор.

Се гласаше на 23 факултети и на 5 институти во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за следниве кандидати за ректор:
(*презиме и име, по азбучен ред*)

1. **Ангелова д-р Биљана,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје,
2. **Данев д-р Дарко,** редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

На единиците гласањето започна и заврши во предвиденото време.

Според доставените записници и извештаи на Изборните комисии на единиците, не се констатирани неправилности и проблеми. Гласањето во целост е спроведено во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Упатството за постапката за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За време на процесот на гласање на дел од единиците беа присутни овластените набљудувачи од еден кандидат за ректор.

Според Избирачките списоци на единиците, запишани се вкупно **1.434** гласачи.

На денот на гласањето, за избор на ректор гласаа **1.286** члена на Наставно-научните/Научните/Наставно-научните и уметнички совети. По извршеното гласање **148** гласачки ливчиња се неискористени и **59** се неважечки.

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Резултатите од гласањето, изразени во бројот на поени што ги освоил секој кандидат на секоја единица, се следниве:

| *Р.бр* | *Единица на УКИМ* | **Ангелова д-р Биљана,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Данев д-р Дарко,** *кандидат за ректор* (освоени поени) |
|---|---|---|---|
| 1 | Архитектонски факултет - Скопје | 108,333 | 91,667 |
| 2 | Градежен факултет - Скопје | 68,293 | 131,707 |
| 3 | Економски факултет - Скопје | 69,388 | 130,612 |
| 4 | Машински факултет - Скопје | 16,667 | 183,333 |
| 5 | Медицински факултет-Скопје | 49,231 | 150,769 |
| 6 | Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“- Скопје | 61,111 | 138,889 |
| 7 | Правен факултет „Јустинијан Први“-Скопје | 84,211 | 115,789 |
| 8 | Природно-математички факултет-Скопје | 90,909 | 109,091 |
| 9 | Стоматолошки факултет - Скопје | 120,00 | 80,000 |
| 10 | Технолошко-металуршки факултет -Скопје | 137,778 | 62,222 |
| 11 | Факултет за ветеринарна медицина-Скопје | 97,297 | 102,703 |
| 12 | Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје | 175,000 | 25,000 |
| 13 | Факултет за драмски уметности - Скопје | 52,174 | 147,826 |
| 14 | Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје | 87,879 | 112,121 |
| 15 | Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје | 146,875 | 53,125 |
| 16 | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје | 138,462 | 61,538 |
| 17 | Факултет за ликовни уметности - Скопје | 82,353 | 117,647 |
| 18 | Факултет за музичка уметност - Скопје | 76,923 | 123,077 |
| 19 | Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје | 80,000 | 120,000 |
| 20 | Фармацевтски факултет - Скопје | 94,737 | 105,263 |
| 21 | Филозофски факултет - Скопје | 66,667 | 133,333 |
| 22 | Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје | 86,567 | 113,433 |
| 23 | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | 156,522 | 43,478 |
| 24 | Економски институт - Скопје | 200,000 | 0,000 |
| 25 | Земјоделски институт-Скопје | 168,421 | 31,579 |
| 26 | Институт за земјотресно инженер. и инж. сеизмологија - Скопје | 130,435 | 69,565 |
| 27 | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје | 157,895 | 42,105 |
| 28 | Институт за сточарство и рибарство-Скопје | 120,000 | 80,000 |
| | **Вкупно освоени поени** | **2,924.125** | **2,675.875** |

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Ангелова д-р Биљана**, редовен професор на Економскиот институт во Скопје, освои **2 924,125** поени.

Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Данев д-р Дарко**, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, освои **2 675,875** поени.

Во согласност со член 180, став 8 од Статутот на Универзитетот, за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година, е избран кандидатот:

1. **Д-р Биљана Ангелова**, редовен професор на Економскиот институт во Скопје.

УНИВЕРЗИТЕТСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Димитар Гелев,** ________
2. **Проф. д-р Катерина Анчевска-Нетковска,** ________
3. **Проф. д-р Весна Димова,** ________
4. **Проф. д-р Василка Попоска-Треневска,** ________
5. **Проф. д-р Фехим Хусковиќ,** ________
6. **Проф. д-р Ружица Цацаноска,** ________
7. **Адам Стојановски,** студент ________

(име, презиме и потпис)

М.П.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ * СКОПЈЕ * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Присутен овластен набљудувач од кандидатот за ректор проф. д-р Дарко Данев: Евгенија Ристеска

________________
(потпис)

(се евидентира неговото присуство, а не го потпишува записникот)

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk